## 27. 2 РОДОТ КОТЛИНЦИ ОД ЈАНЧИШТЕ

Селото Јанчиште се наоѓа на равницата во Долни Полог. Атарот на Јанчиште се граничи со селата Јегуновце, Раотинце, Копањце, Прељубиште, Туденце, Слатина и Теарце. Од јужната страна на Јанчиште се протега блиску до планината Сува Гора- Жеден и реката Вардар, а од северната страна е Шар Планина. Јанчиште има неколку извори ( месноста Забел, Ќерамидница и др. ), а вода се вади и со водни пумпи, кој има во секој двор и се наводнуваат плодните бавчи и ниви.

Јас, Митко Спироски роднински сум поврзан со Јанчиште преку родот Котлинци од кој потекнува мојата мајка Јорданка. Имено, во оваа книга изготвив Преглед на родот Котлинци од Јанчиште во Табелата бр. 20. Мајка ми Јорданка е евидентирана на ред. бр. 29, во Табелата бр. 20 во Прегледот на родот Котлинци од Јанчиште на крајот од оваа книга. Таткото на мајка ми Јорданка ( мојот дедо ) се викаше Тоде Сибиновски и тој е евидентиран на ред. бр. 07 во Табелата бр. 20 во Прегледот на родот Котлинци.

Првиот потомок на родот Котлинци е дојден од селото Котлино, блиску до Витина, денешно Косово. Значајно е да се забележи дека при бомбардирањето на СР Југославија во 1999 година од страна на трупите на НАТО, првите бомби паднаа токму во селото Котлино, блиску до Витина во Косово.

Инаку, скоро сите потомците на родот Котлинци знаат дека во Јанчиште еден предок со фамилјата дошол од селото Котлино, до Витина. Предокот со фамилијата дошол во Јанчиште и тука останал. Предокот бил по занимање колар и поправал воловски и коњски коли и тркала. Поради занимањето колар, многу родот на дедо ми Тоде го викаа и Котлароој. Јас се сеќавам кога одев во Јанчиште како дете, во старата куќа, покрај патот имаше работилница и дедо Тоде преавеше дрвени колца-тркала, обвиткани со железни обручи, а дедо поправаше и стари и скршени колца-тркала. На местото на старата работилницата, вујко ми Ане Апостоловски ( ред. бр.31) изгради нова куќа и коларската работилница не постои. Во куќата на вујко Ане денес живее братучедот Косто Апостоловски ( ред. бр. 307) со синот Ане, жената и внуката Леонтина.

Најстар предок кој го знаат по име во родот Котлинци се викал Сибин(01), а неговиот син се викал Апостол( 02). Многу од машките потомци до ден денес го носат презимето Сибиновски ( Сибиновски Саве, Сибиновски Апостол, Сибиновски Ратко и др. или Апостоловски (Апостоловски Ане, Апостоловски Крсто, Апостоловски, Јосиф, Апостоловски Стојче, Апостоловски Трипун, Апостоловски Ставро, Апостоловски Косто и др. ).

Јанчиште е село во кое со векови живеат православни македонски христијани, а своите верски обреди ги извршуваат во црквата Св. Теодор Тирон. Црквата е изградена во минатиот век.



( Братучедите по родот Котлинци-Сјајна, Кадифка и Апостол од Јанчиште и Петко и Митко од Лешок)
( The cousins ,the kin of Kotlinci-Sjajna, Kadifka and Apostol - Janciste, Petko and Mitko - Lesok)



(Куќата изградена во 1970 г. од вујко ми Ане Апостоловски, кој се запишал над влезната врата Ане Котљински и е на исто место на кое беше старата куќа на дедо Тоде од Јанчиште)
(The house built in 1970 by my uncle Ane Apostolovski, who is put down on the entrante door Ane Kotlinski, it is on the same place where was the old hose of my grandfather Tode -Jancishte)

Во селото Јанчиште има повеќе родови. Така Јован Трифуновски го споменува родот Котлинци со 10 куќи и дека го слави Св. Аранѓел, потоа ги споменува родовите: Чадиини, Чукаловци, Савевски, Шоповци, Расимовци, Ивановци, Ѓурковци, Љамовци, Шуткоооj, Лековци, Угриновци, Гаџовци, Милковци, Призренци, Јажинковци, Трпевци, Здравковци, Кековци, Крајчееј, Веселиновци и Николовци.

Јас кога одев преку лето во Јанчиште сум ги слушал баба ми Султана, дедо ми Тоде и вујковците Крсто, Ставро и Ане и вујните кога ги споменуваа родовите: Чадиини, Шопооој, Шуткооj, Крајчееј, Призренци и др.

Ми останало во сеќавање дека во старо време од Призренците се јавила вампирката Таралинка и за неа имаше многу приказни. При ова би сакал да напоменам дека во книгата ЛЕШОК и СОСЕДНИТЕ СЕЛА, текст за Таралинка напиша Богоевска Клаудија, а по раскажување Косара Крстевска од родот Зургуловци од Теарце, кои потекнуваат од родот Котлинци, а која е мажена во Јегуновце ( извор: ред. бр. 2), а за вампирката Таралинка и Јас напишав текст во книгата Лешок во моето срце и душа ( извор: ред. бр.131).

ДНЕВНИК, ВТОРНИК, 28 АВГУСТ 2001

## ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР

Три недели мајка
за в манастир се спрема
зејтин за в кандило таа зема
дарови пред икона да стави
и низ шепот се моли
сите да се здрави.

На внучето му вети
во Лешок ќе го води
на каље, пред тезга
без умор ќе оди.

Но залудно ми мајка
три недели пости
Ја посетија Богородица
неканети гости.

Подметнаа пламен
проклетници без душа
Лешочкиот лелек
надалеку се слуша.

Заплакаа икони, фрески,
верата ни наша
колку боли
дал некој ќе праша.

И денес низ солзи
свеќа пред црква ставам
и ветувам нема никогаш
православната вера да ја оставам.



*Клаудија Крсѿевска- Боѓоевска, с. Јеѓуновце - Теѿово*

ВТОРНИК, 28.08.2001

(Дневник, 28 Август- на ден Голема Богородица-Песна за Лешочкиот Манастир од Клаудија Богоевска од Јегуновце, ќерка на Петко Крстевски од родот Зургуловци од Теарце)
(Journal, 28 August- the Assumption –Song of Lesok Monastery by Klaudija Bogoevska - Jegunovce, Petko Krstevski's daughter of the kin Zurgulovci - Tearce)

Инаку, Богоевска Клаудија е со потекло од родот Зургуловци од Теарце и е ќерка на братучедот Петко Крстевски од Теарце кој почина на 15 септември 2001

година во Студентскиот дом Стив Наумов во Автокоманда во Скопје. Посмртните останки на Петко Крстевски со специјален конвој ги однесовме во Теарце и ги погребавме во гробиштата во Теарце. Посебно би сакал да напоменам дека внуката Клаудија Богоевска има објавено книга во 2008 година под наслов: Раскази на дедо Пепе, како почит за прерано починатиот татко Петко, кој не можеше да го издржи раселувањето во 2001 год. од родното вековно огниште во Теарце и неговото срце пукна од маки и јадови ( извор: ред. бр. 149).



( Теарце, Вице, Тони и Сашо Крстевски )
( Tearce, Vice, Toni and Sasho Krstevski )



**ЖАЛНА ВЕСТ**

Со длабока тага и болка ги известуваме сите роднини и пријатели дека нашиот сопруг, татко и дедо почина по кратко боледување. Погребната поворка ќе се формира на 17.09.2001 (понеделник) пред бензинската пумпа на Макпетрол кај влезот во Тетово и ќе тргне под заштита на ОБСЕ и НАТО во 11 часот кон с. Теарце. Погребот ќе се изврши на гробиштата во с. Теарце во 12 часот.

ПЕТКО КРСТЕВСКИ,
с. Теарце
(12.10.1942-15.09.2001)

Вечно ужалени:
сопругата Калина,
синот Даме, ќерката Клаудија,
зетот Радослав и внучињата Кристина
и Леонардо

(2784)

Дневник, 15-16. 09. 2001г.

(Жална вест, Братучедот Крстевски Петко почина во Петок, на 15. Септември 2001 год. Не можеше неговото меко срце да издржи да биде раселен од вековното огниште од Теарце и негов Дом да му биде Студентскиот дом Стив Наумов во Скопје)

(In memoriam, the cousins Krstevski Petko died on Friday , on 15 September, 2001. He couldn't keep the moving of for ages place of Tearce because he couldn't accept the hostel Stiv Naumov in Skopje as his home)



( Теарце, браичедите Вице, Тони и Сашо Крстевски )
( Tearce, The cousins Vice, Toni and Sasho Krstevski )



( Мојот прв братучед Томе Николов Крстевски, Теарце,на лов на Шара )

( Tome Nikolov Krstevski, Tearce, hunting of Shara )

Клаудија Богоевска пишува и поезија и досега има објавено повеќе песни, а има и припремено збирка на песни: Азбука на злото, кои планира наскоро да ги објави.

Значи, Сибин го имал синот Апостол (ред.бр.02). Апостол имал осум деца искажани во трето колено од Табелата бр.20 ) и тоа четири ќерки и четири синови: Маринко (03), Младен(04), Веселин (05) и **Тоде( 07)** и ќерките Магда(06), Цвета ( 08), Спасена (09) и Трпка(10).

Сите четири синови остануваат да живеат во Јанчиште, додека ќерките Магда и Спасена се омажени во Лешок, Цвета во Теарце и Трпка во Сиричино.

Маринко (03) има четири деца: Никуш(11), Јордан(12), Тода(13) и Анѓелина(14).

Никуш (11) има 5 деца: Коце(41), Драган, (420, Вела(43), Ангелина (44) и Јагода (54).

Коце(41) останува во Јанчиште и работи како директор на Задруга и има две ќерки Мирјана која работи во Земпромет и Роса која работи во СУД-Тетово, додека Драган(42) работи како столар, се преселува во Ѓорче Петров и има две ќерки Сјајна и Кадифка. Сјајна работи во Рафинерија Скопје и се мажи за Љупчо Аврамовски од Кашамееј од Лешок, а Кадифка работи како трговец во Славија и други приватни фирми.

Вела и Ангелина се мажат и се селат во Детроит и тамо имаат семејствата (види: Табела бр.20-в). Јагода ( 45) живее во Ѓорче Петров и има една ќерка Јулијана( 154) која заедно со мажот Аце од фамилијата Ончевски имаат Печатница ПРО ПОИНТ и втората ќерка се вика Ирина. Би сакал да напоменам дека во Табелата бр. 20-в за родот Котлинци имам детални податоци, адреси, телефони, професии, места и др. податоци, потоа за мажот или жената, децата, внуците и др. на кој може да се видат детални податоци (види: Табела бр. 20-в ).

Јордан(12) има 5 деца: Добринка(46), Милица(47), Слободанка(48),Павлинка(49) и Стојче (50).

Добринка се мажи во Теарце, а Слободанка и Павлина се живеат и работат во Скопје со фамилијата, Милица се сели во Минесота САД и има фамилија, а Стојче Апостоловски (50) останува во Јанчиште. Завршува правен факултет и работи во Југохром, а потоа кај правник-извршител во Тетово. Се жени со Душка од Белојште и имаат две ќерки Марија и Верица (види: Табела бр.20-в). Инаку, со Стојче сме генерација и заедно учевме во Гимназија во Тетово, студиравме на факултет во Скопје и се почитуваме.

Тода(13) има четири деца: Јордан, Убавка, Бранко и Злате. Јас ја знам Хера(171), која учеше во Теарце со сестра и Стојна. Хера е ќерка на Убавка(52), која е жена на Тефо кој работи во Таково, Горни Милановац, кој беше другар на проф- Ванчо Донев на Електомашински факултет, од Штип. Внук на Ангелина(140 и син на Бона(56) е Јордан Митовски ( 177). Јас го знам Јордан Митовски, кој ја има Пекара Ваташа во Аеродром, деловни простории кај ОХИС и се консултираше неколку пати со мене, а бурекчилница има под име Ваташа и брат му Бошко(178).

Дедо Младен (04) има две деца близнаци Саво(15) и Славка(16). Вујко Саве живее во Јанчиште и има три деца Ратко(57), Звезда(58) и Апостол(59) и сите тројца имаат завршено правен факултет. Ратко работи во Типо, Скопје, Звезда во Тетекс Тетово и Апостол во МВР Тетово како командир и во Државна безбедност во Скопје.



( Апостол Сибиновски од Јанчиште, со сопругата Зденка на Митровден 2007 год.)
( Apostol Sibinovski - Jancishte, with his wife Zdenka at Mitrovden 2007)

Тетка Славка (16) се мажи во Лешок за Љубе Блажевски од Ќапункови и имаат три деца: Стеванка (60), која работи во СУД, Тодор (61) кој живее и работи во Детроит и Вера (62), која живее во Ѓорче Петров и работи во Југохром и Конфекција Кала во Скопје.



( Тетка Славка Блажевска, ќерка на дедо Младен Сибиновски од родот Котлинци од Јанчиште)
( Aunt Slavka Blazevska, grandfather Mladen Sibinovski's daughter of the kin Kotlinci - Jancishte)

Веселин(05) има три сина и една ќерка и тоа: Боге(170, Сокол(18), Богдан(19) и Благуња(20).

Боге(17) ги има близнаците Трпко (63) и Трпана(64), а Трпко има две близни деца Зоран и Зорица и работи во ШИК Јелак Тетово. Сокол(18) има пет деца: Драгица(65), Стефанка(66), Менка(67), Дафинка (68) и Живко(69). Јас ја знам Дафинка која има фризерница во Тетово и мама одеше кај неа на фризерај.



( Лешок, 28 Август 2005 год., Тодор Љубев Блажевски Ќапунка од Лешок, трет од десно, син на тетка Славка од Котлинци,Јанчиште )
( Lesok, 28 August,2005, Todor Ljubev Blazevski-Capunka - Lesok, third on the right, aunt Slavka's son - Kotlinci, Jancishte )

Баба Магда (06) е сестра на дедо ми Тоде, која се мажи за дедо Пецо од Петреej од Долно маало во Лешок. Јас лично ја знам баба Магда, таа беше многу вредна и мирна, а дедо Пецо беше многу луциден и шегаџија. Баба Магда има 5 деца: Стојче (21), Вела(22), Стојна(23), Трпана(24) и Душанка ( 25). Поп Стојче Ристовски(21) има три деца: Срeќко, Митра и Петранка. Петранка е мажена за Ацо Ацовски од Родот Лалошои од Лешок (види: Табела бр. 2, 20-в. 27 и 28).

Цвета(08) е мажена во Теарце и има 4 деца: Спасо(32), Горица(33), Љуба(34) и Фотка(35). Јас ги знам најповеќе децата на Горица од Теарце: Грозда, Фанка, Татијана, Крсто, Нико, додека за Александар не се сеќавам. Татијана е мажена за Павле од Отушиште, кој е ветеринарен лекар, Грозда е мажена за Симе од Долно маало од Лешок од Костадиноој.

Баба Спасена (09), сестра на дедо Тоде е мажена во Лешок во Момирооj, односно Сољоој и има два сина: Лазо(36) и Јоанче(37). Јас лично ја знам баба Спасена и таа не гледаше ништо со очите. Вујко Јоанче имаа овци и имаа многу волна, а тогаш овци имша и вујко Ладе од Кујооj. Баба Спасена беше потполно слепа и друго не работеше, туку предеше волна со вретеното и тоа крупно предење за јамболии, чорапи, и сл. Вујко Јоанче имаа три деца: Јордан, Петко и Дафинка Момировски. Вујко Лазо(36) имаше 4 деца: Никче, Диме, Спасена и Трпана.



(Никче Лазаревски, од Лешок, син на Лазо Сољо(36) и внук на Спасена(09),родот Котлинци,Јанчиште )
(Nikce Lazarevski- Lesok, Lazo Soljo’s son (36) and Spasena’s nephew (09) of the kin Kotlinci - Jancishte )



30 СРЕДА 24 ЈУЛИ 2002 ВЕСТ

НЕЗАБОРАВ

ЃОКО ЛАЗАРЕВСКИ
1971 - 2001
ЛЕШОК

На 24 јули 2002 измина една година до твојата херојска смрт, кога застана во одбрана на Лешок и Татковината.

Ѓоко, ние твоите сограѓани од Лешок и Македонците насекаде во светот никогаш нема да те заборавиме. Твоето дело ќе биде пример за сите нас како се сака и како се брани татковината.

Почивај во мир.

*За вечен спомен и бескрајна благодарност*
*ЗДРУЖЕНИЕ ЛЕШОК*

(Ѓоко Лазаревки, Лешок,потекнува од Котлинци, Помен-Незаборав, Здружението ЛЕШОК Скопје, јули 2002.)
(Goko Lazarevki, Lesok, Memory of the Association LESOK,Skopje, July,2002)

Јас и Диме Лазаревски бевме втори братучеди. Диме Лазаревски имаше син Ѓоко Лазаревски( 263) кој погина во 2001 година и една ќерка Николина. Никче Лазаревски има син Борче кој работи во Швајцарија и ќерка Божана која заврши средно техничко училиште- ГУЦ.

Трпка( 10) е мажена во Сиричино и има три деца: Милован(38), Тоде(39) и Митра(40).

Миливан(38) има 5 деца: Јелена(133), Дука(134), Стоислав(135), Дафинка( 136) и Борка (137).

Јелена Коцевска (133) е мажена во Лешок за Јованче Коцевски од родот Лалошои и има син Дракче Коцевски и ќерка Љубица Јовановска. Дракче живее во Скопје и има фурна Козле, а Љубица живе во Скопје и работи како професор во средно фискултурно училиште во Скопје. Подетално за Дракче Коцевски( 384) и Љубица (383) од родот Лалошои од Лешок, може да се види во Табела. Бр.2, 19-а, 27 и 28 ) од оваа книга.

Мојот **дедо Тоде ( 07)** со баба ми Султана од родот Глајнои од Варвара имаат 3 сина и 3 ќерки: Крсто( 26), Зарфина ( 27), Стојна(28), **Јорданка (29)**, Ставро(30) и Ане(31).

Вујко ми Крсто(26) има 6 деца: Сребра( 86) од првата жена која млада умира и од втората жена се: Мара(87), Јосиф(88), Вида(89), Бранка(90) и Благо(91).

Сребра (86) се мажи во Глоѓи за Стојан секретар во ТРО Бистрица Теарце и имаат син Крсто кој е правник. Вујна Крстојца (мајка и на Сребра ) се викала Ристана е од Ќулавкои од Непроштено. Вујна Крстојца-Ристана била сестра на Томе од Ќулавкои, татко на Ецо Јовановски - попот од Непроштено. Томе од Ќулавкои од Непроштено со Митра-сестра на дедо Пецо од Петреej од Долно маало од Лешок имале 5 деца од кои и поп Ецо Јовановски од Непроштено.



(Братучетката Сребра, најстарата ќерка на вујко Крсто Апостоловски со мажот Стојан (Цоке) Крстевски од Глоѓи)
(The cousin Srebra,uncle Krsto Apostolovski’s oldest daughter with her husband Stojan (Cokle) Krstevski - Glogi)

Мара се мажи за Перо од Јелошник и имаат два сина Љупчо и Мирче и ќерка Наташа.



( Свадбата на Мара Апостоловска од вујко Крсто од Јанчиште со Перо Блажевски од Јелошник со братучедите Косара,Вида, Сребра, Јосиф, Благо, Фролика, Сарика, Живе,тетка Стојна, Цоке и др. )
(Mara Apostolovska's wedding of uncle Krsto -Jancishte with Pero Blazevski - Jeloshnik with the cousins : Kosara,Vida, Srebra, Josif, Blago, Frolika, Sarika, Zive,aunt Stojna, Coke etc.. )

Јосиф со сопругата Трпана од Јанчиште имаат два сина Жарко и Митко. Јосиф работи како ветеринар во Теарце.

Вида со сопругот Вуке од Прељубиште имаат два сина Аце и Дракче.

Бранка има син Зоран и ќерка Зорица и живеат во Детроит каде имаат работилница за обработка на железо со преку 10 работници.

Најмладиот братучед Благо се пресели во Детроит и има два сина Брајан кој има завршено ек. Факултет и Мајкл кој има завршено ел. Машински факултет за компјутери.

Тетка Зарфина (27) се мажи во Теарце за Никола од Зурגуловци и имаат 4 деца: Драго, Томе, Косара и Петко. Драго има син Сашо и ќерка Силвана.Драго многу млад се разболува и медицината не може да гоизлечи. Сестрата Косара бара секакво чаре и оди дури и кај баба Ванѓа во Петрич да и каже за судбината и иднината на братот Драго. Се варти разочарана и не кажуваше, што и кажала Баба Ванѓа. Томе има два сина Вице и Тони и Петко има син Даме и ќерка Клаудија. Моите братучеди Драго и Петко млади умираат, но, млади умираат и внуците Сашо и Вице. Сашо Крстевски пишува поезија и во припрема е неговата Книга песни: Сонувај ме. Сашо е еден од основачите на музичката група Мизар од Скопје во која

пее, свири и пишува текстови за повеќе песни. Клаудија Богоевска пишува поезија и има објавено повеќе песни. Клаудија во 2008 година објави книга раскази под наслов: Приказни од дедо Пепе, а во припрема е Книга поезија под наслов: Азбука на злото.



( Братучедот Томе Крстевски од Теарце,син на тетка Зарфина, со сопругата Љуба и жената на Вице и снаата Вицејца)
( The cousin Tome Krstevski - Tearce, aunt Zarfina's son with his wife Ljuba and Vice's wife)



(Куќата на вујко Ставро Апостоловски од Јанчиште, во која денес живеат братучедот Трипун со сопругата Милева, синот Боби со фамилијата)
(Uncle Stavro Apostolovski's house - Jancishte, the cousin Tripun with his wife Mileva, the son Bobi with his family live there )

Тетка Стојна (28) има 4 деца: Тодор (96) од првиот брак во Отушиште, Живко (97) и Грозда (98), а го затечува и Борче од првиот брак на тетин Вецо Атанасовски од родот Асенови од Слатина. Тодор има еден син Боби, Живко има син Веско и ќерка Весна, Грозда има три деца Борче, Наташа и Драгица и Борче има две ќерки Сузе и Јулија. Борче живее во Копенхаген, Грозда живее во Тетово, а Боби Петрушевски, син на братучедот Тодор кој е почна млад, живее во Отушиште.

Вујко Ставро(30) има три деца: Фролика, Трипун и Јелица. Фролика има два сина Сашо и Зоран, Трипун има син Боби и ќерка Бети и Јелица има син Јовица и ќерка Биљана.

Вујко Ане(31) има син Косто и ќерка Сарика. Косто има син Ане и ќерка Славјанка, а Сарика има два сина: Сашо и Игор.

Мојата мајка **Јорданка( 29)** има три деца Мирко, **Митко** и Милица. Мирко има три деца: Игор, Ели и Иво, **Митко** има две деца Огнен и Искра и Милица има два сина Наум и Горан.



( Митко со ќерката Искра Спироска во носија изработена од баба и Јорда Спироска (Апостоловска) од Котлинци, Јанчиште )
( Mitko and daughter Iskra Spiroska at cloting made at grandmother Jorda Spiroska (Apostolovska), Kotlinci, Jancishte )



( Братучедот Драго Крстевски (ред. бр. 92) од Теарце, син на Зарфина ( ред. бр. 27) од родот Котлинци од Јанчиште-Табела бр.20)
( The cousin Drago Krstevski (ordinal number 92) - Tearce, Zarfina’s son (ordinal number 27) of the kin Kotlinci - Jancishte-Table number 20)



( Мирко и Митко Спироски, синови на Јорда (29) имаат потекло од родот Котлинци од Јанчиште )
( Mirko and Mitko Spiroski, Jorda's sons (29) of the kin Kotlinci - Jancishte )

Напоменувам, дека во текстот не давам многу податоци, бидејќи мојот род детално го опфаќам и при обработка на родот Лалошои, Глајнои и Петкои, како и од причина што во табелата бр.20-в има многу детелни податоци за родот Котлинци и кој сака подетални податоци треба да ја погледне табелата. (види: Табела бр.20-в).



( Лешок, 1998 год, ќерката Милица Трпеновска и синот Митко Спироски со Славица, на Јорда(29) од родот Котлинци од Јанчиште )
( Lesok, 1998 doughter Milica Trpenovska and son Mitko Spiroski with Slavica na Jorda(29) od rodot Kotlinci od Jancishte )



( Братучетката Мара Блажевска,ќерка на вујко Крсто од родот Котлинци од Јанчиште ( ред.бр.87) со синовите Мирче и Љупче, ќерката Наташа и внуците )
( The cousin Mara Blazevska , uncle Krsto’s daughter of the kin Kotlinci - Jancishte ( ordinal number 87) with the sons Mirce and Ljupce, the daughter Natasha and the grandchildren)




(Клаудија Богоевска,автор на Книгата:Раскази на дедо Пепе, Тетово,2008 и текст за Вампирката Таралинка во Книгата: Лешок и соседните села -Извор: ред. бр. 2 и 149 )
(Klaudija Bogoevska, author of the Book: Grandfather Pepe’s narrations, Tetovo ,2008 and text for the Crone Taralinka in the Book: Lesok and neighbouring villages –Source: ordinal number 2 and 149 )



ГЛАС ПОЛОГА 18 јули 1936

...ање туризма потребне
ред и чистота

...во пос- ...о место ...ни број ...а треба ...не поја- ...делују ...ста. На... ...о паж- ...варству ...прили- ...авлања ...ствар- ...врзмају ...унака- ...ирљавим ...о пута ...расад- ...и. Сале- ...рско им ...ећи ми- ...и рђаво ...тави на- ...ће отср- ањивати ове беднике и спречавати их да узнемирују путнике.

Друго. Општина треба да се постара за поливање бар оних двеју улица које чине главну саобраћајну артерију на државном друму Скопље-Тетово-Гостивар, а то су: ул. Ослобођење и Карађорђева. Када аутобуси ту пролазе диже се велики облак прашине која засипа све околне куће, радње и кафане којих овде има највише. Воде у реци има на претек, општина треба да направи макар једну примитивну прскалицу од једног великог бурета са решетком позади, ако већ неможе да набави модерну аутоматску прскалицу.

# Веровали или не
## Дали постоји вампир у селу Јанчишту?!

Још постоји веровање у вампире у нашем народу. Стари Словени као многобошци у то су веровали. Столећима то се веровање преноси из поколења на поколење. Оно живи у народу! Тим поводом можда је занимљиво изнети неколико „стварних чињеница" које тврди цело село. Пре годину дана умрла је у селу Јанчишту стара жена Каралинка снаха Саве Стевановића. Још пре ноћи кажу: „повампирила се". Преносила своје хаљине с места на места. Избацивала столице из куће. Мучила младу снаху у кући и напољу. Доцније је „вампир" проговорио. Сељаци су на запомагање Стевановића долазили у његову кућу да му се нађу у невољи. Сви тврде да су видели много невероватних ствари. Један тврди да му је Каралинка припалила цигарету (у ваздух жар стајао) на његов назув, и. т. д. Доводили су вампирџије и плаћали им да убију Каралинку. Али ови нису имали успеха у лову. Тражили су помоћ од жандармериске станице из Доброшта и ови су били две ноћи у кући Стевановића Било је сумњивих ствари, али ништа позитивно.

Нежељени гост био је на отсуству три месеца.

„Ваљда је шетала Каралинка у подземном свету, или у натучне сврхе да пронађе неки нови континенат". Сада је опет дошла ко вештица у свој дом те опет мучи младу снаху и њено дете. Ни „чувени" вампирџија с албанске границе није успео да је убије. Домаћин и његови укућани стварно пате, а понекад и комшије! То цело село тврди. Шта је по среди, да ли цело село живи у заблуди или је стварност?!

Наука је начисто с оваквим ситницама, али ето понекад су те ситнице врло загонетне!..

М. Лабан.

# Венчања

Сутра 19 ов. м. венчавају се г. г. Јован Д. Спирић тргов. овдашњи са госпођицом Надом С. Лешковићевом и Димитрије М. Дабевић. са госпођицом Милицом Ј. Мировићевом. Први случај је у Тетову да се свадба приреди у хотелу.

За овај први корак напред у мењању старих и преживелих свадбених обичаја који нас упропашћавају треба именованима честитати.

...д змије

...а смрто- ...не и нео- ...а ли при ...е отров ...е особе. ...много. У ...ари, Су- ...шим пла- ...зир само ...Најопас- ...а звечар- ...ло малој ...роковати ...м полу- ...х змија ...реба под- ...анорган- ...у, која је изазива повећање згрушавања крви, у коме случају наступају крвне емболије које проузрокују смрт, или сасвим смање или униште способност да се крв згруша те крв рање, односно, уједине не може да се коагулише и смрт наступа услед губитка крви.

С' обзиром на ове установљене чињенице поступак код уједених од змије ради спашавања од смрти треба да буде врло целисходан и брз. Спречити отров да доспе што дубље у организам т.ј. одстранити га из циркулације крви. То се може постићи на више на... за организам. За змија отровница нашега поднебља справљен је коњски серум имунизовањем змијским токсинима, који има ефективног дејства. Овај серум је целивалентне природе и по гласу се у лекарској пракси као врло добар.

С П О Р Т
„ОБИЛИЋ"—„ЈУГ" 8:0 (4:0)

У недељу 12 ов. мес. у 9 часова пре подне на иг...

( Глас Полога,18.07.1936 г.-Напис за вампирката Каралинка, а народот ја викал Таралинка од Јанчиште Glas Pologa, 18.07.1936 g. )
(Polog's Voice 18.07.1936.-Article for the crone Karalinka,the people called her Taralinka -Jancishte Polog's Voice ,18.07.1936 )



(Свадбата на Верче, ќерка на Стојче Апостоловски (50) од Котлинци од Јанчиште со сопругата Душка од Белојште и сестрите Добринка(46), Милица(47), Слободанка(48),Павлинка(49)
(Verce's wedding, Stojce Apostolovski's daughter (50) -Kotlinci - Jancishte with the wife Dushka -Belojshte and the sisters Dobrinka(46), Milica(47), Slobodanka(48),Pavlinka(49)



( поп Стојче Ристовски (ред. бр. 21) од родот Петреej од Лешок, син на Магда (ред. бр.06) од родот Котлинци од Јанчиште- Види: Табела бр.20 )
( priest Stojce Ristovski (ordinal number 21) of the kin Petreej - Lesok, Magda's son (ordinal number 06) of the kin Kotlinci - Jancishte- Source: Table number 20 )



( Митровден, 2009, Апостол Сибиновски (ред. бр.59) од родот Котлинци од Јанчиште со сопругата Зденка кај мене на гости)
( Mitrovden, 2009, Apostol Sibinovski (ordinal number 59) of the kin Kotlinci - Jancishte with the wife Zdenka at my home )



(Тетово, 2007, Митко и Славица Спироски, на свадбата на Адриано од Рогачево со Верче, ќерка на братучедот Стојче Апостоловски (ред. бр. 50),Јанчиште,од родот Котлинци со жена му Душка- Белојште )
(Tetovo, 2007, Mitko and Slavica Spiroski, Verce's wedding , the cousin Stojce Apostolovski's daughter (ordinal number 50) - Jancishte, of the kin Kotlinci with his wife Duska- Belojshte )



(Скопје,2008, сопругата Славица Спироска, со братучедот Трипун Апостоловскиод Јанчиште и снаата Милева од Јегуновце, на свадбата на Зоран, син на братучедата Фролика и Борче Коцевски, потекло од Отуње )
(Skopje,2008, the wife Slavica Spiroska with the cousin Tripun Apostolovskii -Jancishte and daughter-in law Mileva - Jegunovce, Zoran's wedding ,the cousin Frolika's son and Borce Kocevski from Otunje )



( Зоран Коцевски, со невестата на нивната свадба на Кале,Скопје 2008, кој е син на мојата братучедка Фролика од Јанчиште )
( Zoran Kocevski with his bride and their wedding - Citadel, Skopje 2008, my cousin Frolika's son - Jancishte )



( Скопје, 4 декември 2008, гости на домашната слава Пречиста, братучедот Апостол Апостоловски од Јанчиште и сопругата Зденка, потекло по мајка и баба од Подлес-Градско )
( Skopje, 4 December 2008, family feast Refinement , the cousin Apostol Apostolovski - Jancishte and his wife Zdenka,origin of mother and grandmother from Podles-Gradsko )



( Братучетката Фролика Коцевска од Котлинци со сопругот Борче, синовите Сашо и Зоран и снаата)
( The cousin Frolika Kocevska of Kotlinci with his husband Borce, the sons Zoran and Sasho with his wife)



( Август,2009,Сестрите Сјајна и Кадифка од Драган, Мирјана од Коце и Милица од Јордан Апостоловски од Котлинци, Јанчиште и др., на свадбата на Мирјана,керка на Стојче)
(August,2009,sisters Sjajna and Kadifka -Dragan, Mirjana of Koce and Milica of Jordan Apostolovski of Kotlinci, Jancishte etc., Mirjana's wedding ,Stojce's daughter)



(На свадба на Јовица Вељановски, син на братучетката Јелица од Јанчиште, сопругата Славица Спироска, Косто и Мирјана Апостоловски од Јанчиште, Веска и Живко Атанасовски од Слатина )
(Jovica Veljjanovski's wedding, the cousin Jelica's son - Jancishte, my wife Slavica Spiroska, Kosto and Mirjana Apostolovski - Jancishte, Veska and Zivko Atanasovski - Slatina )



( На Свадбата на Боби Апостоловски  од Јанчиште,Јас со сопругата Славица, Роса Апостоловска и Апостол  Сибиновски од  Котлинци)
( Bobi Apostolovski’s wedding -Jancishte, I with my wife Slavica and Rosa Apostolovska and  Apostol  Sibinovski - Kotlinci)



( Тетово, 2007, на свадбата на Веско Атанасовски –син на Живко од Слатина, Крсто Крстевски од Глоѓи со жената, Славица Спироска и Клаудија Богоевска од Јегуновце)
( Tetovo, 2007, Vesko Atanasovski’s wedding - Zivko’s son - Slatina, Krsto Krstevsko -  Glogi with his wife, Slavica Spiroska and Klaudija Bogoevska -  Jegunovce)



(Митко и Славица Спироски, Свадбата на Јовица Вељановски, син на братучедата Јелица од Котлинци )
(Mitko and Slavica Spiroski, Jovica Veljanovski's wedding, cousin Jelica's son - Kotlinci )




( Скопје,18 Октомври 2009, Искра, Славица,Митко и внуката Луна Огненова Спироска )
( Skopje,Oktober, 18, 2009, Iskra, Slavica,Mitko i granddaughter vnukata Luna Ognenova Spiroska )